Врз основа на член 14 од Законот за сточарство, (Сл. Весник на Р. Македонија бр.7/2008 и 116/10), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# П Р АВ И Л Н И К

## за катастар на пчелните пасишта, ред за испаша и програма за прогноза на медењето

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат условите за воспоставување и водење на катастар на пчелни пасишта, условите за воспоставување и спроведување на ред за испаша, како и критериумите за подготовка на програма за следење и прогноза на медењето

## II. КАТАСТАР НА ПЧЕЛНИ ПАСИШТА

**Член 2**

(содржина на Катастарот)

(1) Катастарот го одредува медоносниот капацитет на поедини видови медоносни растенија застапени на пчелните пасишта во подрачјето на сите региони во Р. Македонија и претставува основа за воспоставување и спроведување на ред за испаша

(2) Катастарот содржи база на податоци со дигитална карта

(3) Картата ги содржи вцртани граници на Република Македонија, границите на регионите и општините

(4) На картата се означени сите пчеларници со соодветни симболи и претставуваат самостојни објекти

(5) Внатре во симболите се наоѓаат шифри со кои се обезбедуваат податоци за позицијата на пчеларникот (надморска височина, географски координати), податоци за пчеларот и спроведувачот на пашниот ред

(6) Катастарот го воспоставуваат и го водат вршители на јавни услуги, кои ги исполнуваат условите согласно член 59 од Законот за сточарство,

## III. РЕД НА ИСПАША

**Член 3**
(изготвување на редот за испаша)

(1) Вршителот на јавни услуги, објавува јавен повик до локалните пчеларски здруженија, за доставување предлози за ред за испаша во рок од шест месеци по изработувањето на катастарот на пчелни пасишта

(2) Доколку одделни пчеларски здруженија не достават предлог за ред на испаша во рок од шест месеци од денот на повикот, вршителот на јавни услуги до министерството мора да достави предлог за ред на испаша за тоа подрачје во рок од 12 месеци по изработката на катастарот за пчелни пасишта

(2) Вршителот на јавни услуги до министерството доставува заедничка апликација за потврдување на редовите за испаша.

**Член 4**
(содржина на редот за испаша)

(1) Редот за испаша го утврдува начинот на користење на пчелните пасишта

(2) Со редот за испаша се одредува :
-спроведувач на редот за испаша
-големина на пчелното пасиште
-препорачлив број на пчелни семејства на единица површина (хектар), според видот и интензитетот на пашата
-одредување на локации каде ќе се распоредуваат пчелните семејства кои ќе се довезуваат на паша
-време на довезување и на одвезување на пчелните семејства на паша

**Член 5**

(назначување на спроведувач на редот за испаша)

(1) Спроведувачот на редот за испаша го назначува вршителот на јавни услуги

(2) Спроведувачот на редот за испаша мора да биде оспособен за работа со GPS и компјутер

**Член 6**

(поднесување пријава за користење на пчелна паша)

(1) Пријавата за користење на одделна пчелна паша до спроведувачот на редот за испаша, пчеларот мора да ја испрати најмалку 30 дена пред очекуваниот почеток на медење, во писмена форма (по пошта, електронски или факс порака) во која мора да биде наведено:

-име, презиме, адреса и телефонски број на пчеларот

-времето на довезување и одвезување на пчелните семејства

-бројот на пчелни семејства кои ќе се довезат

-сакана локација за поставување на пчелните семејства

(2) Спроведувачот на редот за испаша по приемот на пријавата, мора во рок од 15 дена пред предвидениот почеток на медење да му одговори на пчеларот, при што:

-може да му даде сосгласност

-може да ја одбие пријавата, при што мора да ги наведе причините за нејзиното одбивање

(3) Ако спроведувачот на редот за испаша не одговори во предвидениот рок, пчеларот треба да ја извести признатата организација, која е должна во рок од пет дена да го извести пчеларот за прифаќање или неприфаќање на пријавата.

## IV. ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ПРОГНОЗА НА МЕДЕЊЕТО

## Член 7

(програма за следење и прогноза на медењето )

(1) Програмата за следење и прогноза на медењето во пчеларството (во продолжение: програма на медење) се изведува како јавна услуга на стручни задачи во сточарството. Програмата на медењето покрај елементите од став 4 од член 14 на Законот за сточарство мора да содржи и податоци за видовите на испаша по одделни пасишта, за методите за утврдување на прогнозата на медењето и за локациите на набљудувачките станици како и за други податоци, потребни за изведување на програмата.

(2) Изведувачот на јавната услуга од став 1 на овој член ја изведува прогнозата на медењето во пчеларството на терен во соработка со спроведувачите на редот за испаша како и врз основа на анализите и набљудувањата на пасишните извори, со согласност на сопствениците на земјиштата и во склад со програмата на медењето поставува нови набљудувачки станици со едно или две пчелни семејства.

(3) Изведувачот на јавната услуга од став 1 на овој член ги извршува задачите за набљудување на пасишните извори, а исто така ги собира и анализира податоците за појавата на медењето. Врз основа на добиените резултати од набљудувањето јавно ги објавува краткорочните прогнози на медењето. Начинот на објавување на податоците за краткорочната прогноза на медењето мора да обезбеди секојдневен пристап на пчеларите и другите корисници до овие податоци.

(4) Изведувачот на јавната услуга за прогноза на медењето во пчеларството соработува со пчеларските здруженија при подготовката и изведувањето на редот за испаша. За таа цел им обезбедува пристап до своите бази на податоци за медењето и предизвикувачите на медењето на определено подрачје за изминатите пет години.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. _________________
______________ година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски